С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број5 година XLII 3 Април 2006**	Претплата за 2006 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

78.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за определување на улици во Општина Велес кои ќе претставуваат дел од регионален пат

Се прогласува Одлуката за определување на улици во Општина Велес кои ќе претставуваат дел од регионален пат, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/1
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ “ бр. 26/96,40/99,96/00,29/02 и 68/04), Одлука за утврдување на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр.54/94,60/95,41/96 и 47/97) и член 23, став 1,точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 , 9/05)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.03.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за определувње на улици во Општина Велес, кои ќе претставуваат дел од регионален пат

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат улиците во Општина Велес кои ќе претставуваат дел од регионален пат Р-103 и Р-526.

Член 2

Простирањето на улиците кои ќе преставуваат дел од регионалниот пат Р-103 е:
- со почеток од улица „Димитар Влахов“ и продолжува кон дел од улиците: „Иво Лола Рибар“ - „Петре Прличко“ - „Нишка“ поминува низ Стар мост и завршеток со улица „Димко Најдов“ која е спој со регионалниот пат Р-103.

Член 3

Простирањето на улиците кои ќе преставуват дел од регионален пат Р-103 и врска со регионалниот пат Р-526 е:

- со почеток од раскрсницата која ја формираат регионалниот пат Р-103 и приклучокот со автопатот Е-75 и продолжува преку мостот на реката Вардар спој со улицата „Вардарска“- со улица „Алексо Демниевски-Бауман“ - „Моша Пијаде“ - спој со улица „Андон Шурков“ до спој со улица „Благој Ѓорев “ и завршеток со улица „ Благој Ѓорев “која е спој со регионалниот пат Р-526.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука престануваат да важат Одлуките за определување на улици во град Велес, односно населени места, како дел од регионален пат („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.16/98; и 28/99).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/2
30.03.2006 година
В е л е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

79.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за промена на правниот статус на Установата „Рацинови средби“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за промена на павниот статус на Установата „Рацинови средби“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/2
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 66/03) (пречистен текст), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Одлуката за основање Установа „Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.5/01),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

ОДЛУКА
за промена на правниот статус на Установата „Рацинови средби“ во културна манифестација на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши промена на правниот статус на Установата „Рацинови средби“ и Установата се трансформира во културна манифестација „Рацинови средби“.

Член 2

На Установата „Рацинови средби“ и престанува статусот на правно лице.

Имотот, правата и обврските на установата ги презема основачот.

Член 3

Културната манифестација „Рацинови средби“ продолжува со остварување на целта на установата: организирање на Меѓународна манифестација „Рацинови средби“, негување на делото и ликот на Кочо Рацин, најголемиот македонски поет во 20-тиот век и вршење на научно-истражувачка дејност во таа област.

Член 4

Културната манифестација „Рацинови средби“ ќе ја реализира Организационен одбор составен од претседател и 4 члена.

Организациониот одбор го именува Советот на Општина Велес, а мандатот на членовите на одборот е две години.

Член 5

Организациониот одбор го сочинуваат претставници на Општина Велес и истакнати личности од областа на литературата и книжевната наука од Велес и Република Македонија.

Организациониот одбор работи согласно Правилник со кој се регулира начинот и постапката за реализирање на Меѓународната културна манифестација „Рацинови средби“.

Правилникот го донесува Советот на Општина Велес.

Член 6

Средствата потребни за реализирање на Меѓународната манифестација „Рацинови средби“ се обезбедуваат од:

-Буџетот на Општина Велес;
-Министерството за култура;
-Други извори.

Член 7

Административно-техничките и материјално-финансиските работи на Меѓународната културна манифестација „Рацинови средби“ ги извршуваат стручните служби на Општина Велес.

Член 8

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање Установа „Рацинови средби“ (“Службен гласник на Општина Велес“ бр.5/01).

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/3
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

80.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за промена на правниот статус на Установата фестивал на античка драма „Стоби“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за промена на павниот статус на Установата фестивал на античка драма „Стоби“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/3
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 23 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 66/03) (пречистен текст), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Одлуката за основање Установа Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.6/01),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

ОДЛУКА
за промена на правниот статус на Установата Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес во културна манифестација на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши промена на статусот на Установата Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес и Установата се трансформира во културна манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес.

Член 2

На Установата Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес и престанува статусот на правно лице.

Имотот, правата и обврските на установата ги презема основачот.

Член 3

Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес продолжува со остварување на целта на установата: организирање на Меѓународен фестивал на античка драма „Стоби“, негување на делата на античките писатели и нивно изведување во автентичните услови на античкиот театар во локалитетот Стоби.

Член 4

Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес ќе ја реализира Организационен одбор составен од претседател и 4 члена.

Организациониот одбор го именува Советот на Општина Велес, а мандатот на членовите на одорот е две години.

Член 5

Организациониот одбор го сочинуваат претставници на Општина Велес и истакнати личности од областа на театарската уметност од Велес и Република Македонија.

Организациониот одбор работи согласно Правилник со кој се регулира начинот и постапката за реализирање на Фестивалот на античка драма „Стоби“ Велес

Правилникот го донесува Советот на Општина Велес.

Член 6

Средствата потребни за реализирање на Фестивалот на античка драма „Стоби“ Велес се обезбедуваат од:

-Буџетот на Општина Велес;
-Министерството за култура;
-Други извори.

Член 7

Административно-техничките и материјално-финансиските работи на културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес ги извршуваат стручните служби на Општина Велес.

Член 8

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање Установа Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес (“Службен гласник на Општина Велес“ бр.6/01).

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0707-1190/4
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

81.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за промена на правниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за промена на павниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/4
31 март 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевск,с.р.

Врз основа на член 23 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 66/03) (пречистен текст), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Одлуката за основање Установа Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.5/01),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

ОДЛУКА
за промена на правниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал “Велес“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши промена на статусот на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес и Установата се трансформира во културна манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес.

Член 2

На Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес и престанува статусот на правно лице.

Имотот, правата и обврските на Установата ги презема основачот.

Член 3

Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес продолжува со остварување на целта на установата: организирање на Интернационалниот фолклорен фестивал „Велес“-Велес, негување културните традиции,развивање на меѓународната соработка на овој план, размена на културното и фолклорното наследство со народите од земјите учесници на Фестивалот.

Член 4

Интернационалниот фолклорен фестивал „Велес“-Велес ќе го реализира организационен одбор составен од претседател и 4 члена.

Организациониот одбор го именува Советот на Општина Велес.

Член 5

Организациониот одбор го сочинуваат претставници на Општина Велес, од културноуметничките друштва од Велес и истакнати личности од областа на фолклорот, музиката и етнологилата.

Организациониот одбор работи согласно Правилник со кој се регулира начинот и постапката за реализирање на Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес.

Правилникот го донесува Советот на Општина Велес.

Член 6

Средствата потребни за реализирање на Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес се обезбедуваат од:

- Буџетот на Општина Велес;
- Министерството за култура;
- Други извори.

Член 7

Административно-техничките и материјално-финансиските работи на Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес ги извршуваат стручните служби на Општина Велес.

Член 8

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање Установа Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес (“Службен гласник на Општина Велес“ бр.8/01).

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 0701-1190/5
30.03.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

82.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/5
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24, став 2, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рациноци средби“

1. Се усвојува Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рациноци средби“.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/6
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 5 став 2 и 3 од Одлуката за промена на правниот статус на Установата „Рацинови средби“ во културна манифестација на Општина Велес („Службен гласник“ бр.5/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“

Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби“.

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на а к т и в н о с т и т е з а о д р ж у в а њ е н а Манифестацијата.

Член 2

Културната манифестација „Рацинови средби“ се орджува секоја година во петок што му следи или претходи на 13 јуни, денот на погибијата на Кочо Рацин.

Член 3

Организациониот одбор изготвува Програма за одржување на „Рациновите средби“ со рокови и финансиска конструкција и ја доставува до Градоначалникот на Општина Велес.

Програмата мора да оди во прилог на:

1. Развивање на меѓународните контакти од областа на литературата.

2.Афирмирање на македонските литературни творечки вредности.

3.Афирмирање на достигнувањата на македонската литература и култура.

4. Афирмирање на литературните и културните вредности на народите од светот.

За реализирање на Програмата Организациониот одбор се овластува да соработува со:

- Институции од областа на културата од Република Македонија и странство;
- манифестации од областа на културата од Република Македонија и странство;
- здруженија и асоцијации од областа на културата од Република Македонија и странство;
- државни органи и институции во Република Македонија;
- други установи од интерес за успешна реализација на Манифестацијата.

Член 4

На Меѓународната културна манифестација „Рацинови средби“ се доделуваат две награди:

-„Рациново признание“ и

-„Почесно рациново признание“.

Член 5

Организациониот одбор најдоцна до 30 април во тековната година распишува конкурс за доделување на наградата „Рациново признание“ на автор од Република Мкедонија за прозно дело објавено меѓу две средби во Република Македонија и формира жири-комисија за оценување на пристигнатите трудови.

Жири-комисијата работи по посебен Правилник, утврден од Организациониот одбор.

Жири комисијата донесува одлука за доделување на „Рациновото признание“.

Наградата „Рациново признание“ се состои од статуетка Кочо Рацин, плакета и паричен износ во денарска противвредност на 500 евра.

Член 6

„Почесното рациново признание“ се доделува на странски автор за афирмација и популаризација на македонската литература и култура надвор од границите на Република Македонија.

Одлуката за доделување на Почесното рациново признание ја носи Организациониот одбор.

„Почесното рациново признание“ се состои од уметничка слика и плакета.

Член 7

Членовите на Организациониот одбор за својата работа добиваат надоместок:

- претседателот -12.000 денари;
- членовите по 10.000 денари.

Членовите на Жири комисијата за својата работа добиваат надоместок во висина од 15.000 за секој член.

Член 8

Во текот на организирањето и реализирањето на Манифестацијата Организациониот одбор соработува со Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации и го известува Градоначалникот на Општина Велес.

По завршувањето на Манифестацијата Организациониот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

83.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/6
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 24, став 2, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Култуната манифестација фестивал на античка драма„Стоби“

1. Се усвојува Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација фестивал на античка драма „Стоби“ Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/7
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 5 став 2 и 3 од Одлуката за промена на правниот статус на Установата Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес во културна манифестација на Општина Велес („Службен гласник“ бр.5/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација фестивал на античка драма „Стоби“ Велес

Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес.

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на активностите за одржување на Фестивалот.

Член 2

Културната манифестација фестивал на античка драма „Стоби“ Велес се орџува секоја година во периодот од втората половина на јули до првата половина на август.

Член 3

Организациониот одбор изготвува Програма за одржување на Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес со утврден број на ансамбли, распоред на театарските претстави и финансиска конструкција и ја доставува до Градоначалникот на Општина Велес.

Програмата мора да оди во прилог на:

1.Развивање на меѓународните контакти од областа на театарската уметност.

2.Афирмирање на македонските театарски ансамбли.

3.Афирмирање на достигнувањата на Народниот театар „ЈХК Џинот“ од Велес.

4. Афирмирање на тетарските вредности на гостите од странство.

За реализирање на Програмата Организациониот одбор се овластува да соработува со:

- Институции од областа на културата од Република Македонија и странство;
- фестивали и манифестации од областа на театарската уметност од Република Македонија и странство;
- здруженија и асоцијации од областа на театарската уметност од Република Македонија и странство;
-државни органи и институции во Република Македонија;
- други установи од интерес за успешна реализација на Фестивалот.

Член 4

На Културната Манифестација на Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес се доделуваат награди:

-гран при за најдобра претстава и за
-најдобра режија;
-најдобра женска улога,
-најдобра машка улога;
-специјална награда за колективна игра;
-специјална награда за најуспешна постановка на претстава; и
-награда од публиката.

Член 5

Организациониот одбор најдоцна до јуни во тековната година ги соопштува имињата на ансамблите учесници на Фестивалот и формира трочлена Жири-комисија за доделување на наградите.

Жири-комисијата работи по посебен Правилник, утврден од Организациониот одбор.

Наградите: гран при за најдобра претстава, режија, машка и женска улога се состојат од копија на теракотна статуетка „Афродита“ која потекнува од II век п.н.е. и плакета.

Специјалните награди и наградата од публиката се состојат од уметничка слика и плакета.

Член 6

Членовите на Организациониот одбор за својата работа добиваат надоместок:

- претседателот -30.000 денари;
- членовите по 20.000 денари.

Членовите на Жири комисијата за својата работа добиваат надоместок во висина од 15.000 за секој член.

Член 7

Во текот на организирањето и реализирањето на Фестивалот, Организациониот одбор соработува со Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации и го известува Градоначалникот на Општина Велес.

По завршувањето на Фестивалот Организациониот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

84.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилник на начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“ Велес

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација интернационалниот флоклорен фестивал „Велес“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/7
31 март 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 24, став 2, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал„Велес“ Велес

1. Се усвојува Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација интернационалниот фолклорен фестивал„Велес“ Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/8
30.03.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

Врз основа на член 5 став 2 и 3 од Одлуката за промена на правниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес во културна манифестација на Општина Велес („Службен гласник“ бр.5/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес

Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на културната манифестација нтернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес.

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на активностите за одржување на Фестивалот.

Член 2

Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес се орџува секоја година во последната недела на јуни во траење од 4 фестивалски вечери.

Член 3

Организациониот одбор изготвува Програма за одржување на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес со утврден број на ансамбли, распоред на настапите и финансиска конструкција и ја доставува до Градоначалникот на Општина Велес.

Програмата мора да оди во прилог на:

1. Развивање на меѓународните контакти од областа на негувањето на фолклорот и традицијата.

2. Афирмирање на македонските културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли.

3. Афирмирање на достигнувањата на велешките културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли.

4. Афирмирање на вредностите на фолклорот на гостите од странство.

За реализирање на Програмата Организациониот одбор се овластува да соработува со:

- Институции од областа на културата од Република Македонија и странство;
- Фолклорни фестивали и манифестации од Република Македонија и странство;
- здруженија и асоцијации што ги негуваат фолклорот и традицијата од Република Македонија и странство;
-државни органи и институции во Република Македонија;
- други установи од интерес за успешна реализација на Фестивалот.

Член 4

На Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес не се доделуваат награди.

Сите учесници на Фестивалот добиваат диплома за учество.

Член 5

Организациониот одбор најдоцна до мај во тековната година ги соопштува имињата на ансамблите учесници на Фестивалот.

Член 6

Членовите на Организациониот одбор за својата работа добиваат надоместок:

- претседателот -18.000 денари;
- членовите по 12.000 денари.

Член 7

Во текот на организирањето и реализирањето на Фестивалот, Организациониот одбор соработува со Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации и го известува Градоначалникот на Општина Велес.

По завршувањето на Фестивалот Организациониот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

85.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес за 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/8
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес за 2006 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес за 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/9
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

86.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес

Се прогласува Решението за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/9
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Влес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05), а согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секротот во 2006 година (“Сл.гласник на Општина Велес“ бр.15/05)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес

1. Со ова решение се врши распределба на средства од Буџетот на Општина Велес на спортски клубови и спортисти од општината согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и НВО секторот во 2006 година, глава IV-табеларен приказ, ставка IV, реден број 1, предвидени средства 1.000.000 денари.

2. Распределбата на средствата е прикажана во следниот преглед:

I.	Кошаркарски клуб „Велес 2000“	80.000,оо	
	Одбојкарски клуб „Маслодајна“	80.000,оо	
	Одбојкарски клуб „Борец“-жени	85.000,оо	
	Клуб за мал фудбал „Велес	80.000,оо	
			325.000

II.	Ракометен клуб „Борец“	55.000,оо	
	Ракометен клуб „Весна“	60.000,оо	
	Ракометен клуб „Борец“ - жени	90.000,оо	
	Кошаркарски клуб „Ангели“	60.000,оо	
			265.000

III.	Кајакарски клуб „Вардар“	25.000,оо	
	Кајакарски клуб „Вила Зора“	25.000,оо	
	Кајакарски клуб „Бабуна“	25.000,оо	
	Младински велосипедски клуб „Велес“	10.000,оо	
	Клуб за гимнастички спортови	40.000,оо	
	Здружение на спортски риболовци „Бабуна“	12.000,оо	
	Спортско риболовно друштво „Кристал“	3.000,оо	
	Стрелачки клуб „Велес“	10.000,оо	
	Атлетски клуб „Изгрев“	10.000,оо	
	Шаховски клуб „Велес“	10.000,оо	
			170.000

IV.	ФК „Борец“ - III лига	100.000,оо	
	ФК „Единство“ Раштани Општинска лига	20.000,оо	
	ФК „Бирлик“ - Општинска лига	20.000,оо	
	ФК „Превалец“ - Општинска лига	20.000,оо	
	ФК „Интернационал“Д.Караслари-Општин. лига	20.000,оо	
	ФК „Соцо мак“Иванковци - Општинска лига	20.000,оо	
	ФК „Илинден“ Башино Село - Општинска лига	20.000,оо	**220.000**

V.	Дејан Цветковски – карате	20.000,оо	**20.000**

ВКУПНО: 1.000.000

3. Средствата ќе се исплаќаат во два дела, 50% веднаш, а преостанатите до крајот на годината сразмерно со полнењето на Буџетот на Општината.

4. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1190/10
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

87.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

Се прогласува Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/10
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05) а согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.15/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.03.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

1. За измирување на дел од потребните финансиски средства за обавување на својата дејност во согласност со програмските активности за 2005 година на подолу наведените установи им се одобруваат средства во поединечен износ како што следува:

- на Установата фестивал на античка драма „Стоби" Велес 60.446,5о денари;
- на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес" Велес 82.233,оо денари;

2. На Здружението на слепи лица од Општина Велес за набавка на софтвер Anreader Alf N4 M1 USB - озвучувач на Windows за слепи лица наменето за лицето Лиле Ивчева од Велес се одобруваат финансиски средства во висина од 19.000,оо денари.

3. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2006 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни разерви (разновидни расходи).

4. Се задолжува Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот при Општина Велес да го изврши наведеното решение.

5. Ова Решение влегува во осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701190/11
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

88.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за давање согланост на Статутот на средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин" Велес

Се прогласува Решението за давање согласност на Статутот на средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/11
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.03.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Статутот на Средното општинско училиште Гмназија „Кочо Рацин“ Велес

1. Со ова Решение се дава согласност на Статутот на средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин“ Велес, донесен од Училишниот одбор на средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин„ Велес на седницата одржана на 26.09.2005 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/12
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

89.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за давање согланост на Статутот на средното општинско училиште „Јовче Тесличков“ Велес

Се прогласува Решението за давање согласност на Статутот на Средното општинско училиште „Јовче Тесличков“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/12
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.03.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Статутот на средното општинско училиште „Јовче Тесличков“ Велес

1. Со ова Решение се дава согласност на Статутот на Средното општинско училиште „Јовче Тесличков“ Велес, донесен од Училишниот одбор на Средното општинско училиште „Јовче Тесличков„ Велес на седницата одржана на 01.03.2006 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/13
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

90.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за давање согланост на Статутот на средното општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес

Се прогласува Решението за давање согласност на Статутот на Средното општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/13
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.07.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Статутот на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес

1. Со ова Решение се дава согласност на Статутот на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес, донесен од Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски„ Велес на седницата одржана на 04.10.2005 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/14
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

91.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за давање согланост на Статутот на средното општинско училиште „Димитрија Чуповски“ Велес

Се прогласува Решението за давање согласност на Статутот на средното општинско училиште „Димитрија Чуповски“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/12
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.07.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Статутот на средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски“ Велес

1. Со ова Решение се дава согласност на Статутот на Средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповоски“ Велес, донесен од Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски„ Велес на седницата одржана на 19.09.2005 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1190/15
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
78	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за определување на улици во Општина Велес кои ќе претставуваат дел од регионален пат** **О Д Л У К А за определувње на улици во Општина Велес, кои ќе претставуваат дел од регионален пат**	114
79	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за промена на правниот статус на Установата „Рацинови средби“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес** **ОДЛУКА за промена на правниот статус на Установата „Рацинови средби“ во културна манифестација на Општина Велес**	115
80	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за промена на правниот статус на Установата фестивал на античка драма „Стоби“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес** **ОДЛУКА за промена на правниот статус на Установата Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес во културна манифестација на Општина Велес**	116
81	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за промена на правниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес** **ОДЛУКА за промена на правниот статус на Установата Интернационален фолклорен фестивал “Велес“ - Велес во културна манифестација на Општина Велес**	117
82	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рациноци средби“** **ПРАВИЛНИК за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“**	118
83	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација фестивал на античка драма „Стоби“ Велес** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Култуната манифестација фестивал на античка драма„Стоби“**	119

Бр на акт **Страница**

ПРАВИЛНИК за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација на фестивал на античка драма „Стоби“ Велес

84 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилник на начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“ Велес** 121

З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилник на начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“ Велес

ПРАВИЛНИК за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес

85 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес за 2006 година** 122

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес за 2006 година

86 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес** 122

РЕШЕНИЕ за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес

87 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес** 124

Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

88 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за давање согланост на Статутот на средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин“ Велес** 124

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Статутот на средното општинско училиште Гмназија „Кочо Рацин“ Велес

89 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за давање согланост на Статутот на средното општинско училиште „Јовче Тесличков“ Велес** 125

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Статутот на средното општинско училиште „Јовче Тесличков“ Велес

Бр на акт **Страница**

90	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за давање согланост на Статутот на средното општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Статутот на средното општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес**	125
91	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за давање согланост на Статутот на средното општинско училиште „Димитрија Чуповски“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Статутот на средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски“ Велес**	126

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00